Архивски број: 0801-304/4

Датум: 12.08.2021 година

Постапувајќи по претставката бр. 0801- 304 од 15.11.2019 година, поднесена [redacted] против Агенција за Администрација, за извршена дискриминација врз основа на етничка припадност, согласно член 8 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр.258/2020 од 30.10.2020 година), на 10.08.2021 година го донесе следново

## МИСЛЕЊЕ

***НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА по основ етничка припадност во област на работните односи од страна на Агенцијата за Администрација против*** [redacted] ***од Скопје.***

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (во понатамошниот текст: Комисијата) на 15.11.2019 година беше поднесена претставка со бр.: 0801-304/1 од подносителката [redacted] против Агенција за Администрација (во понатамошниот текст:.Агенцијата). Во претставката, подносителката смета дека Агенцијата за Администрација извршила дискриминација во областа на работата и работните односи. Подносителката исто така наведува дека преку електронскиот систем на Агенцијата од нејзиниот профил поднела пријава за работно место **број AC00101B01012** кој бил Јавен оглас со **број 103/2019** за вработување на 3 државни службеници од група I, подгрупа I во Агенција за супервизија на осигурување, согласно годишниот план за вработување во огласот е предвидено вработување на Албанец (ка), согласно годишниот план за вработување.

Претставката се однесува на пристап до работа и работни односи, област која е покриена со член 3 од Законот за спречување и заштита од дискриминација и етничка припадност како дискриминаторска основа од член 5 од Законот за спречување и заштита од дискриминација.

Комисијата, за целосно утврдување на фактичката состојба на 03.06.2021 година поднесе барање за изјаснување до потенцијалниот дискриминатор односот Агенцијата за Администрација и доби одговор заверен со архивски број 0801-304/3 од 03.07.2019 година. Во нивниот одговор Агенцијата дава осврт кон наводите во претставката и дека сите активности од страна Агенцијата со Закон за административни службеници. Понатаму во одговорот Агенцијата се повикува на истиот закон и нејзините надлежности според Законот за административни службеници како: објавување на огласи за вработување административни службеници, постапување по жалби и приговори од административните службеници во втор степен, водење

на евиденција на кандидати кои доставиле лажни докази во пријавата за вработување и други работи утврдени со закон.

Во врска објавениот оглас, од Агенцијата во нивниот одговор наведуваат дека исиот е објавен на 25.07.2019 година по Барање од Агенцијата за супервизија на осигурување со број 02-565/1 од 19.07.2019, но после огласот Агенцијата за супервизија на осигурување бара истиот да се поништи со барање под 02-565/3 од 21.08.2019 година. Постапувајќи по барањето Агенцијата за администрација ја запира постапката со решение 10-1271/5 од 22.08.2019 година.

На 22.08.2019 година, Агенцијата за супервизија на осигурување доставила барање за објавување на оглас под број 02-565/4, кој е архивиран во Агенцијата со број 10-1417/1. Со оваа барање првостепениот орган побара објавување на оглас за вработување на 3 (три) административни службеници врз основа на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на осигурување број 02-707/11 од 27.12.2018 година со Согласност од МИОА со број 12/6-6004/2 од 32.12.2018 година, Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за супервизија на осигурување број 02-538/6 од 02.07.2019 година со Согласност број 12/6-1943/5 од 03.07.2019 година издадена од МИОА и врз Измена на годишниот план за вработување број 12-540/4 од 08.07.2019 година со Позитивно мислење број 12/62216/4 од 17.07.2019 година, издадено од МИОА.

На 27.08 2019 година бил објавен огласот за вработување на три административни службеници 143/2019 во Агенцијата за супервизија на осигурување. Советот на експерти во Дирекција за работи непосредно поврзани со Советот на експерти, предвидело еден извршител со припадност на заедница Албанец (ка).

На 02.09.2019 година со Решение број 10-1417/3 била формирана Комисија за селекција за вработување по јавен оглас. Кандидатот, во овој случај подносителката на претставката [redacted] поднела пријава за вработување по јавниот оглас за работното место под број 1-АСО0101В01012-Советник за работи непосредно поврзани со Советот на експерти.

Врз основа на тоа, а согласно законските одредби Комисијата за селекција за вработување ја спровела постапката за вработување на административен службеник и била донесена Одлука за избор на 3 (три) извршители по јавен оглас бр.143/2019 број 02-671/1 од 01.10.2019 бр.143/2019 број 02-671/1 од 01.10.2019 година, а за работното место број1 бил избран кандидатот [redacted].

Во одговорот Агенцијата спомнува дека во член 44 став (1) од Законот за административни службеници се предвидува Комисијата за селекција од конечните ранг-листи по работни места, **избира онолку најдобро рангирани кандидати со припадност на заедница која согласно годишниот план на институцијата се предвидени нови вработувања,** колку извршители се бараат за таквото работно место и во рок од три ден и ги предлага на институцијата. Ставот (2) од истиот член се наведува дека – **Во случај кога на било која ранг-листите** од ставот (1) на овој член **нема доволно кандидати со припадност на заедница за која согласно годишниот план на институцијата** се предвидени нови вработувања, **истиот се повторува** само за оние работни места и за оној број на извршители, колку што недостасуваат. Став (3) од истиот член предвидува - **Доколку и при второто повторување** на јавниот оглас, на ранг-листите *нема* **доволно кандидати со припадност на заедница** за која согласно годишниот планот на институцијата се предвидени новите вработувања, колку што извршители се бараат, Комисијата изготвува единствена ранг-листа на која **се рангираат кандидатите од сите претходно објавени огласи за тоа работно место и ги избира најдобро рангираните од таа листа, без оглед на припадноста на заедница,** и во рок од три дена и ги предлага на институцијата.

Од извршениот увид во писмените докази, факт е дека лицето [redacted] е прворангираниот кандидат, но имајќи ги во предвид законските одредби и Годишниот план за вработување и Јавниот оглас, за конкретниот случај, согласно Конечната ранг листа на кандидати од сите фази постои кандидат со припадност кој се бара за тоа работно место и во овој случај тоа е второтрангираниот кандидат со припадност на заедница Албанец (ка) и во согласност од член 7 став (1) од ЗСЗД во кој се наведува дека ***Нема да се сметаат за дискриминација мерките и дејствата што се преземаат со единствена цел да се отстрани нееднаквото уживање на човековите права и слободи сè додека не се постигне фактичка еднаквост на лице или група, ако разликувањето е оправдано и објективно, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно соодветни и неопходни.***

Од сетонаведено произлегува дека постапката за селекција за вработување е воден во согласност со позитивните законски прописи.

Согласно сите овие наводи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација во конкретниот предмет не утврди некоја форма на дискриминација сторена од страна на Агенцијата за администрација и смета дека постапката на Јавниот оглас за вработување од страна на Агенцијата по барање на Агенцијата за супервизија за осигурување сосема коректна и е спроведена според одредбите од членот 44 од Законот за административни службеници. Од овие причини Комисијата оценува дека во конкретниот случај нема повреда на правото на еднаквост, односно дека подносителката [redacted] не била дискриминирана по ниту еден од страна на Агенцијата за администрација во областа на работа и работни односи.

Скопје
12.08.2021

Комисија за спречување и заштита од
дискриминација

Претседателка
Весна Бендевска

Комисија за спречување и заштита од дискриминација • Скопје

**Доставено до:**

- [redacted], 1000 Скопје
- Агенција за адмиинстрација- ул.Јуриј Гагари, бр.15, 1000 Скопје

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk